Уп. бр.08-122

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС со седиште на Ниво 8, Јинбоцхо Тхрее Билдинг, 3-12-3, Канда Јинбоцхо, Цхијода-ку Токио 101-0051, Јапонија, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 13.09.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС со седиште на Ниво 8, Јинбоцхо Тхрее Билдинг, 3-12-3, Канда Јинбоцхо, Цхијода-ку Токио 101-0051, Јапонија стекнува единствена контрола над Сумишо Аирбаг Системс Цо., Лтд, Нагасаки Јапонија со седиште на Схимомен Тсукинокаввацхо, Матсуура Нагасаки Префецтуре 859-4536 ЈП, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 19.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС со седиште на Ниво 8, Јинбоцхо Тхрее Билдинг, 3-12-3, Канда Јинбоцхо, Цхијода-ку Токио 101-0051, Јапонија, со која КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС Јапонија стекнува единствена

контрола над Сумишо Аирбаг Системс Цо., Лтд, Нагасаки Јапонија со седиште на Схимомен Тсукинокаввацхо, Матсуура Нагасаки Префецтуре 859-4536 ЈП.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС е друштво со посебна намена и неговите активностите се ограничени на стекнување, чување и управување со хартии од вредност.

КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС е контролирано од РЕВА I Инвестмент Лимитед Партнершип кое е крајно контролирано од од РЕВА КК и ограничените партнери.
КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС нема никакви подружници, активности или приходи во Северна Македонија.

Сумишо Аирбаг Системс примарно се занимава со развој, производство и продажба на безбедносни компоненти на возилото, особено фокусирајќи се на страничните завесни воздушни перничиња. Основана од страна на Сумитомо Цорпоратион во партнерство со Асахи Касеи Цорпоратион и Суминое Техтиле, Сумишо Аирбаг Системс користи напредна едноделна ткаена технологија (ЕТТ) за производство на висококвалитетни, беспрекорни перничиња за воздушни перничиња.

Сумишо Аирбаг Системс нема регистрирани подружници или филијали во Северна Македонија но остварува приходи ххх[1].

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

---

[1] Податоците се деловна тајна

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**